Врз основа на член 24 од Законот за Јавните претпријатија , член 54 и 55 од Законот за работните односи, член 27 од Статутот на Јавното претпријатије АГРО-БЕРЗА Скопје и согласно Одлуката на Управниот Одбор бр. 0202-117/2 од 30.05.2022 година, Управниот Одбор на Јавното претпријатије АГРО-БЕРЗА Скопје претставувано од :

1. ЈП АГРО-БЕРЗА Скопје ( во натамошниот текст: **Јавно претпријатије АГРО-БЕРЗА Скопје**) и

2. Ниметула Рамадани, број на лична карта [redacted] издадена од МВР и ЕМБГ [redacted] од Куманово , ______________ (во натамошниот текст: **Директор)**

вно претпријатие за берзанско работење
Jërmarja Publike për shkëmbim të mallrave
АГРО- БЕРЗА AGRO-BURSA
Бр.-Nr. 0405 - 131/1
14.06 20 22 год.-viti
Скопје-Shkup

Во Скопје на ден 14.06.2022 го склучија следниот:

## МЕНАЏЕРСКИ ДОГОВОР

за уредување на односите со Јавното претпријатије АГРО-БЕРЗА Скопје

Член 1

Со овој договор се уредуваат правата, обврските и одговорностите на Директорот на Јавното претпријатије АГРО-БЕРЗА Скопје.

Член 2

За извршување на овој договор, Управниоит Одбор се обврзува на Директорот да му ги обезбеди сите потребни услови за нормално остварување на неговите права, обврски и одговорности во согласност со Законите и Статутот на Јавното претпријатие.

Член 3

Овој договор се склучува додека трае мандатот на директорот.

Член 4

Основната месечна нето плата на Директорот се утврдува во износ од [redacted],00 денари месечно.

Член 5

Директорот има право на придонеси за пензиско, инвалидско, здравствено осигурување, минат стаж како и осигурување со осигурителна полиса.

Член 6

Директорот има право на стручно усовршување најмалку 15 работни денови во годината, набавка на домашна и странска литература, посета на саеми и изложби, обуки за странски јазици и други видови обуки, членство во професионални здруженија, а трошоците ќе ги сноси претпријатието.

Член 7

Директорот има право на мобилен телефон на сметка на Јавното претпријатие и на поврат на трошоците направени при употреба на приватниот телефон за потребите на претпријатието, според сметките на избраниот телефонски оператор.

Член 8

Директорот има право на употреба на службени возила 24 часа на ден, со или без возач.

Член 9

Директорот има право на трошоци за репрезентација во земјата и странство.

Член 10

Директорот има право на надомест за одвоен живот од семејството и надомест за селидбени трошоци од местото на живеење, доколку се укаже потреба од тоа.

Член 11

Работното време на Директорот изнесува 40 часа неделно и трае од 08:30 часот до 16:30 часот во текот на работниот ден. Дневниот одмор во траење од 30 минути, Директорот ќе го користи по своја оцена во зависност од дневните работни обврски. Директорот има право на платен годишен одмор во траење од 25 работни дена, со право накористење во текот на календарската година во целост или дел да користи до 30 јуни наредната година, во зависност од потребите на процесот на работата. Во случај кога Директорот не бил во можност да го искористи правото на годишен одмор поради работни обврски, има право на надомест за неискористените денови од годишниот одмор. Бројот на деновите на годишен одмор ќе се зголемува согласно зголемувањето на работниот стаж.

Член 12

Директорот ги има следните овластувања и надлежности:

- ја претставува и застапува Берзата;
- одговорен е за законитоста во работењето на Берзата;
- ја предлага организацијата на Берзата;
- го организира работењето на Берзата;

- ја предлага деловната политика, програмата за работа и планот за развој на Берзата и превзема мерки за нивно спореведување;
- го извршува финансискиот план како наредбодавател;
- го обезбедува спроведувањето на одлуките, заклучоците и другите акти што ги донесува Управниот одбор;
- склучува договори за реализација на програмата и други договори за потребите на тековното работење на Берзата;
- се грижи за интересите на Берзата, за остварување на нејзините функции и цели, како и за финансиското работење и стабилност на Берзата;
- врши надзор над склучувањето на берзанските работи, а посебно над работата на берзанските агенти;
- врши увид на финансиското работење на членовите на Берзата и на нивното работење воопшто;
- врши надзор над работите во врска со формирањето на берзанската цена;
- обезбедува услови за непречена работа на берзанската арбитража, како и за реализирање нанејзините одлуки;
- ги именува и разрешува раководителите на подружниците и на другите организациони единици;
- формира стручни тела, комисии и сл.;
- ја координира работата на подружниците и на другите организациони единици;
- донесува одлуки за прием на работници;
- одлучува за распоредување на работниците на определени работни места;
- одлучува за одделни права, обврски и одговорности на работниците од работниот однос согласно со закон, колективен договор и општите акти на Берзата;
- Го информира Управниот одбор за одредени прашања од работењето на Берзата;
- Поднесува извештај за резултатите од работењето на Берзата по годишната сметка до Управниот Одбор на Берзата;
- Одговара за штетата на Берзата нанесена со извршувањето на одлуките;
- Раководи со спроведување на подготовките за превземање на мерките за заштита и спасување на работниците и материјалните добра од воени дејствија;
- Врши и други работи утврдени со закон и овој статут.

За извршување на работите од својата надлежност, Директорот донесува решенија, наредби, упатства и друго.

Член 13

Во рамките на своите овластувања Директорот на Претпријатието определува работник кој во негово отсуство го заменува и го води тековното работење на претпријатието.

Во рамките на своите овластувања, Директорот на претпријатието му дава на друго лице писмено полномошно за застапување на Претпријатието, како и за склучување договор и превземање правни дејства.

Член 14

- Директорот на Претпријатието за својата работа одговара пред Управниот одбор на претпријатието;
- Директорот има обврска овластувањата што му се дадени со закон и со Статутот на другите акти на Јавното Претпријатие, да ги врши во интерес на Јавното Претпријатие;
- Директорот е должен да доставува секои шест месеци извештај за работата на Претпријатието, до Управниот Одбор на Претпријатието согласно со Законот;
- Директорот за сите склучени договори, чија вредност е над 25.000 евра ( во денарска против вредност), му поднесува извештај на Управниот Одбор;
- Директорот за секое службено патување во странство, му поднесува извештај на Управниот Одбор на првата наредна седница;
- Директорот има должност и право да учевствува во работата на Управниот Одбор, без право на одлучување;
- Директорот има обврска, при извршување на дејностите од јавен интерес, да ги почитува принципите за транспарентност, сигурност во давање на услугите, континуитет и квалитет на услугите и заштита на корисниците;
- Директорот има обврска материјално-финансиското работење да го врши според финансиските стандарди во јавниот сектор и дејноста да ја врши трајно и без прекин и неговата работа да е јавна и транспарентна;

Член 15

Директорот има обврска да постапува според насоките од општ карактер, по предлог на Влада на РМ, а кои насоки се сметаат дека се од интерес за РМ, иако не се однесуваат на секојдневното управување со Јавното Претпријатие.

Член 16

Директорот има обврска лојално да соработува со Јавното претпријатие, односно да не дава на увид информации за Јавното претпријатие кои претставуваат деловна тајна. Лојалната соработка обврзува на активна заштита на интересите на Јавното претпријатие и на благовремено известување на Управниот Одбор.

Член 17

По потпишување на овој договор, се смета дека Директорот потпишал изјава дека ќе ја чува деловната тајна и ќе ги исполнува и другите обврски во поглед на чувањето на другите податоци и конкуренцијата и две години после престанок на работниот однос.

Член 18

Директорот ако изврши, односно донесе одлука за која знаел или за што со оглед на околностите, морал да знае дека ги повредува интересите на Јавното претпријатие, одговара неограничено за штетата настаната со таквото постапување, односно одлука. Ако одлуката ја донел со претходна согласност или со одобрување на членовите на Управниот одбор и членовите на Надзорниот одбор, за штетата одговараат солидарно и неограничено и членовите на Управниот одбор и Надзорниот одбор, согласно

одредбите од Законот зза трговски друштва кои се однесуваат на органите на управување.

Член 19

Овој договор престанува со истек на времето на кој е склучен.

Член 20

Ако Директорот постапува спротивно на неговите обврски утврдени со Статутот на Јавното претпријатие и овој договор, се смета дека се исполнети условите за раскинување на овој договор и Управниот одбор може да предложи на Директорот да му престане вршењето на функцијата како и работниот однос во Јавното претпријатие.

Член 21

Ако Директорот во раководењето со Јавното претпријатие не постигне позитивни резултати или се остварат пониски економски ефекти од очекуваните што би имале за последица штета за Јавното претпријатие и тоа 12 месеци едно по друго, Управниот одбор може да го разреши Директорот само во случај ако негативните резултати се како последица на околностите што Управниот одбор не може да ги прифати како оправдани,

Член 22

Овој договор може да престане и по еднострано барање на Директорот заради оставка.

Член 23

Во случај на предвремено раскинување на Договорот склучен согласно Законот за Јавни претпријатија, Законот за работни односи како и согласно Статутот на претпријатијето, Директорот има право на соодветна компензација настаната од штетата која е причинета со предвремено раскинување на менаџерскиот договор.

Член 24

По престанување на функцијата, Директорот на јавното претпријатие за време од 12 месеци да добива надомест во износ од нето плата што ја остварувал за време на вршењето на функцијата.

Член 25

Содржината на овој договор се смета за деловна тајна и може да биде соопштена само на надлежните државни органи, под услов и по постапка утврдени со Закон и со согласност на Управниот одбор на Јавното претпријатие.

Член 26

Секоја од договорните страни може да предложи измени и дополнувања на истиот, со согласност со условите утврдени со договорот.

Предлогот образложен во писмена форма се доставува на другата страна, која е должна да се изјасни во рок од 30 дена.

Ако една од страните постапи спротивно на став 2 од овој член, се смета дека го одбила предлогот.

Член 27

Правата и Обврските утврдени со овој Договор се применуваат од 31.05.2022г. до 30.05.2026г.

Член 28

За се што не е регулирано со овој Договор ќе се применуваат одредби од Законот за јавни претпријатија, Законот за работни односи, Колективниот договор, Статутот на претпријатието и други закони.

Член 29

Договорените страни ќе ги решаваат споровите кои ќе произлезат од овој Договор, спогодбено, а во спротивно спорот ќе го решава Основниот суд во Скопје.

Член 30

Договорот е склучен во 2 (два) еднобразни примероци, од кои 1 (еден) за Директорот а 1 (еден) за Јавното претпријатие.

**За Управен одбор** **Директор**